**ДОГОВОР**
за овозможување сервис за Е-трговија

Помеѓу

**ИНТЕРНЕТ ТРГОВИЈА ДООЕЛ,**
со седиште на ул. 29 Ноември 17/2-5 1000 Скопје
Даночен број: 4080009506657,
застапувана од извршен директор Александар Тасев
(во понатамошниот текст: Дaвател на услугата)

и

Полн назив на пр. Лице: …......................................................................

Со седиште на:........................................................................

Даночен број:..................................................

Регистарски број:................................................

Представувано од:...................................................

(во понатамошниот текст: Трговец)

## Вовед

Предмет на овој договор е овозможување комплетен сервис за Е-трговија кој се состои од софтвер и спектар од дополнителни услуги за вршење на Е-трговија од страна на Трговецот, односно корисникот на услугата.

## ДЕФИНИЦИИ

Зборовите употребени во овој договор ќе го имаат следново значење:

**Интернет Трговија ДООЕЛ** - Трговско Друштво кое го обезбедува софтверскиот систем Трговски центар заедно со комплетен сервис за Е-трговија.
**Е-трговија -** Продажба на производи и услуги преку директни интернет трансакции.
**Трговски Центар** – Софтверски систем кој овозможува инфраструктурни предуслови за изградба на Веб продавници за продажба на производи и услуги преку интернет. Трговски центар не учествува во купопродажниот договор помеѓу Трговецот и Купувачот.
**Сервис за Е-трговија** – Комплетен сервис кој вклучува софтвер за самостојни интернет сајтови со интегрирани продавници, и комплетен спектар на логистички услуги потребни за вршење трговија преку интернет.
**Софтвер** – Компјутерска програма која им овозможува на Трговците да креираат и одржуваат свои продавници, Трговски центар да го управува целиот систем и Купувачите да пристапуваат до производите и услугите на Трговците.
**Купувач** – Секое лице, физичко или правно, кое се јавува во својство на Купувач на производи и услуги на Веб Продавниците
**Трговец** - Трговско Друштво кое се јавува како сопственик на Веб продавница или веб сајт, истовремено е корисник на сервисот за Е-Трговија и е во улога на продавач при купопродажните договори со купувачите.
**Продавница** – Индивидуално определена продавница – веб сајт, преку која се продаваат производи и услуги преку интернет.
Со склучување на овој договор и активирањето на Веб странат ТРГОВЕЦОТ се здобива со дозвола на користење на Услугите под условите определени во овој договор и Општите услови за пристап и користење на Софтверот и Услугите на Трговски Центар и Продажба на Производи и Услуги (во понатамошниот текст „Општи Услови“) кои се објавени на веб страна на Давателот на услугата.

### Член 1
### Прифаќање на политиките и актите на Трговски центар

Со потпишување на овој Договор ТРГОВЕЦОТ потврдува дека е целосно информиран и ја разбира содржината на Политиките и Актите со кои се регулира сервисот за Е-трговија кои функционираат во рамките на Интернет Трговија (Трговски центар) и тоа:

- Општите услови
- Политиката за Приватност
- Политиката за Испорака

ТРГОВЕЦОТ е согласен Давателот на Услугата да ги менува погоренаведениве акти без претходна согласност од ТРГОВЕЦОТ, особено доколку тоа го налагаат условите на пазарот или позитивните законски прописи.

Општите услови за Трговци се сметаат за составен дел на овој Договор.

Давателот на Услугата се обврзува извршените измени на погоренаведениве акти да ги објави на веб страната на Давателот на услугата. Промените на актите стапуваат на сила во рок од 8 (осум) дена од денот на нивното објавување на Веб страната на Давателот на услугата.

### Член 2
### Овозможување на софтверска инфраструктура

Софтверот кој е овозможен од Давателот на услугата, заедно со сите права на интелектуална сопственост за истиот во Македонија се сопственост на Давателот на услугата. Сите права за софтверот кои не се експлицитно дадени на Трговецот со овој договор, се задржани од Давателот на услугата.
Согласно со другите услови во овој договор и Општите услови, Давателот на услугата на Трговецот му овозможува не-ексклузивни, не преносливи, прекинлива, ограничена дозвола за далечински пристап и

користење на софтверот од серверите управувани од или за Давателот на услугата, преку веб страните на Давателот на услугата, строго за целта на формирање и одржување на интерактивни продавници на серверите на Давателот на услугата, на кои Трговецот нуди свои или од трети лица производи и услуги.

Трговецот прифаќа дека Софтверот, неговата структура, организација и изворен код се деловни тајни на Давателот на услугата. Освен користењето на софтверот, Трговецот исклучиво со посебна писмена дозвола или промена во Општите услови од страна на Давателот на услугата смее да:

- модифицира, адаптира, менува, преведува или создава деривативни дела од Софтверот
- дистрибуира, суб-лиценцира, изнајмува, позајмува или на друг начин да го пренесува Софтверот на трети лица
- ре-програмира, анализира, ре-проектира, реплицира или на друг начин да се обидува да го добие или открие изворниот код за Софтверот
- пренесува сопственоста и контролата на Продавниците кон трета страна

Во зависност од користениот пакет на услуги, Давателот на услугата ГАРАНТИРА стабилен и непрекинат пристап до софтверот. Според користениот пакет ГАРАНЦИЈАТА на континуиран пристап е од 99.8% од времето на годишно ниво за пакет Мега и Мега+, 99% за пакети Профи и Профи+ и 98% за пакети Старт и Старт+. Од ова се изземени прекините поради виша сила: прекини во интернет мрежата, прекин во услугата на банката, елементарни непогоди, војна, недостаток на електрична енергија, општествени немири, и поради редовни надградби и одржување. При секој прекин на софтверот над овој праг, Трговецот е компензиран со ослободување од плаќање на месечната претплата за месецот во кој е случен прекинот.

## Член 3
## Сопственост на трговска марка, дозволи и ограничувања од Давателот на услугата

Согласно со условите на договорот и Општите услови, и со одлуката на Трговецот да го користи и да плаќа соодветен надоместок за функционалностите на Софтверот, Давателот на услугата му дава на Трговецот не-ексклузивна, непреносива, откажлива, без дополнителни надоместоци дозвола (без право да дава сублиценци) за користење и репродуцирање на трговските марки овозможени со овој договор. Дозволата исклучиво е наменета за прикажување на трговските марки на локациите од продавниците определени од Давателот на услугата. Трговецот ја признава ексклузивната сопственост на трговските марки од страна на Давателот на услугата. Трговецот нема да се обиде да регистрира трговски марки и имиња слични со тие на Давателот на услугата. На барање на Давателот на услугата Трговецот веднаш ќе престане да користи и прикажува трговските марки во сопственост на Давателот на услугата или на трети лица.

## Член 4
## Услуги

Со потпишувањето на овој договор и активацијата на компанијата на Трговецот од страна на Давателот на услугата, истиот ќе го овозможи хостирањето, подршката и другите различни услуги кои му следуваат на Трговецот, со цел искористување на дозволата за Софтвер според договорот и одржувањето на веб сајтови и продавници во текот на траењето на овој договор.
Комплетниот пакет на услуги кои ги добива Трговецот е дефиниран од одбраните пакети за Продавници, кои ги одбира Трговецот по електронски пат. Надоместоците за пакетите се дефинирани во Општите услови.
Согласно со одбраниот пакет на услуги и Општите услови, Давателот на услугата може да овозможи дополнителни услуги:

- Обука
- Поддршка во работењето
- Позиционирана презентација на производи на главната веб страна од порталот Трговски центар.
- Промоција на производите и услугите на Трговецот преку електронска пошта, социјални мрежи(Facebook, Twitter...) и други канали.

- Услуга за електронска пошта – емаил.
- Заштита од измами и нелегални трансакции. Во зависност од користениот пакет на услуги, давателот на услугата му ГАРАНТИРА заштита на Трговецот од можни враќања на пари до определена висина поради нелегални трансакции или за спорни трансакции во случај кога Трговецот ја има коректно испорачано нарачката кон купувачот, ги почитува сите одредби од договорот и од законските прописи во РМ. За пакетите Старт и Старт+ гаранцијата е до 50Евра, за Профи и Профи+ гаранцијата е до 100 Евра, за Мега и Мега+ гаранцијата е до 500 Евра по трансакција.
- Сервис за испорака на нарачките.
- Сопствен електронски билтен (newsletter)
- Промоција на производите и услугите на Трговецот на партнерски веб сајтови и други медиуми.
- Напреден дизајн на продавниците, со комплетно преработување на изгледот според барањата на Трговецот
- Управување на продавница - веб сајт, што вклучува ажурирање на залихата според информациите од Трговецот, следење на нарачки, известување на Трговецот за нови нарачки, решавање на рекламации. Услугата важи само за пакет со управувана продавница.
- Интеграција со сервис за автоматско ажурирање на залиха.
- Развој на функционалности
- Поддршка за корисниците
- Контрола на квалитетот во работењето
- Поставување на ССЛ сигурносен сертификат.

## Член 5
## Услуги од трети страни

Давателот на услугата може да понуди или дозволи на трети лица да ви понудат услуги или софтверски алатки поврзани со целта на вашите продавници на Давателот на услугата. Услугите и производите на третите лица се наменети да соработуваат со услугите и апликациите на Давателот на услугата, но Давателот на услугата не ги гарантира или поддржува услугите и производите на трети лица. Освен ако не е експлицитно наведено поинаку во договорот или Општите услови, не постои обврска за користење на услугите од трети лица.

## Член 6
## Промени на услугите

Давателот на услугата го задржува правото да промени, надогради или на друг начин ги измени услугите со еквиваленти или слични без претходна најава. Трговецот се согласува да добива административна комуникација од Давателот на услугата во врска со Софтверот, услугите, корисничката сметка, промени во политиките и надградби на системот.

## Член 7
## Пасивно однесување

ТРГОВЕЦОТ е согласен дека Давателот на Услугата само овозможува предуслови за извршување на Интернет продажба и нема обврска за контрола на содржината на Веб продавница - веб сајт на ТРГОВЕЦОТ а со тоа и нема никаква одговорност доколку дел од содржината на Веб страната ги прекршува позитивните законски прописи во Република Македонија. Договорните страни се согласуваат дека Трговецот ја сноси сета одговорност за содржините кои се поставени на неговите продавници во Трговски центар. Трговски центар има право да одстрани содржини поставени од Трговецот, кои на било кој начин би создале одговорност и штета на Давателот на услугата.

## Член 8
## Дозвола за содржините

Договорните страни се согласни дека Давателот на услугата и неговите филијали и партнери имаат не-ексклузивна, неотуѓива, бесплатна дозвола да ги репродуцираат, дистрибуираат, пренесуваат,

создаваат модификации, објавуваат, јавно прикажуваат содржините објавени од Трговецот. Оваа дозвола опфаќа и цели за маркетинг. Давателот на услугата има право да додава и менува елементи во изгледот, функционалноста, структурата распоредот на страните на продавниците што му припаѓаат на Трговецот и има право да поставува содржини на страните на Трговецот кои не ја нарушуваат намената и активноста на Трговецот, вклучително содржини за маркетинг, кориснички функционалности, информативни содржини и упатства за корисници.

## Член 9
## Обврски на Трговецот

Трговецот се обврзува:

- Да ги почитува сите политики определени од Давателот на услугата, како Политика на приватност, Политика за испорака, Политика за рекламации и гаранции, Општи услови за трговци.
- на страните од својата продавница - веб сајт да објави прецизни услови за гаранцијата на производите и услугите кои ги продава
- да му испорача на Купувачот комплетна документација за купопродажбата: сметка за услугите и производите, испратница, гаранција, декларација.
- на веб сајтот овозможен преку сервисот да постави комплетен и детален опис на производот и/или услугата што е предмет на електронска продажба на производи/ услуги, вклучувајќи боја на производот, димензии, вклучена додатна опрема, слика на производот, како и сите карактеристики кои би биле од значење за купувачот и кои би можеле да бидат предмет на спор помеѓу продажното место и купувачот.
- на веб сајтот овозможен преку сервисот да постави јасно истакнат износ (цена) на производот/услугата, во денари, со вклучени комплетни трошоци и давачки се до достава на производот/услугата до купувачот, кои мора да се во согласност со законските прописи за заштита на правата на потрошувачите.
- Доколку употребува сопствени методи за испорака, на веб сајтот овозможен преку сервисот детално да опише услови на доставување на производите/услугите од аспект на цена, рокови и начин на испорака, зависно од локацијата на испораката.
- да ограничи спроведување на трансакции во случај кога исполнувањето на обврската за достава на производ/услуга до корисникот не е можно.
- во пробен период додека продавниците и содржините не се подготвени согласно со овој договор да не врши прием на нарачки и да не спроведува трансакции, без претходно добиена согласност од страна на Давателот на услугата.
- Да не прикажува лажни, неточни и некомплетни податоци.
- Да не загрозува туѓа сопственост, репутација преку веб сајтот овозможен со сервисот.
- Да не објавува вулгарности и детска порнографија.
- Да не ги злоупотребува корисничките податоци на купувачите и нивните податоци да ги држи во строга тајност.
- Да не врши штетни дејства за оптеретување на серверската инфраструктура на Давателот на услугата, според проценка на Давателот на услугата, вклучително и преоптеретување на системот.
- Да не создава одговорност за Давателот на услугата и неговите партнери која создаваат ризик од штета или загуба на профит.
- Да не поврзува(линкува) директно или индиректно или да не опишува производи и услуги кои прекршуваат било кој закон, одредба или регулатива, или кои се во листата на забранети производи на Трговски центар.
- Да ги извршува ажурно обврските кон купувачите, испорачателите и Давателот на услугата.

Доколку Давателот на услугата утврди дека Трговецот постапува спротивно од наведените превземени обврски има право да примени привремена суспензија на услугите до одстранувањето на недостатокот. За повторени недостатоци по овој став, Давателот на услугата има право да го раскине договорот без отказен рок. Давателот на услугата нема да биде одговорен за штети преизвикани од раскинувањето на

договорот поради одредбите во овој член.

## Член 10
## Резервации

Во случаи кога Трговецот нуди резервации на услуги преку електронски пат, доколку Давателот на услугата понуди и одобри таква услуга, истиот е должен, покрај останатите услови, цени, информации, политики и за поставување и придржување кон соодветна за овој случај, Политика за поврат/задолжување на средствата при откажување на корисникот со или без најава.
Во случај на резервации на услуги преку електронски пат, Трговецот е должен, покрај останатите податоци за трансакцијата, да го информира корисникот со Политиката за поврат/задолжување на средствата при откажување на корисникот со или без најава.

При прием на спорна трансакција во врска со задолжување кое настанало како резултат на откажување на корисникот со или без најава, при што случајот не е покриен со Политика за поврат/задолжување на средствата при откажување на корисникот, Трговецот потврдува дека спорот со корисникот ќе го реши надвор од системот на спорни трансакции на Трговски центар, а Давателот на услугата има право да го наплати износот на спорната трансакција и сите други трошоци кои ќе произлезат од таков спор, од Трговецот.

## Член 11
## Откажувања на нарачки и резервации

Во случај Трговецот да не е во состојба да ги исполни обврските кон нарачателот, веднаш ќе го информира Давателот на услугата на адреса trgovci@tc.mk. Понатаму Трговецот ќе ја реши ситуацијата на следните можни начини:

- Доколку е нарачан производ трговецот може да ја откаже нарачката преку системот. Ова е во случај да не е веќе испратен производ преку овластените испорачатели на Давателот на услугата. Притоа се автоматски се информираат сите страни дека нарачката е откажана, и парите во целост се враќаат/ослободуваат кон нарачателот.
- Доколку направената резервација го нема поминато прагот за наплата/резервирање на средства, трговецот може да ја откаже преку системот. Притоа се враќаат/ослободуваат сите средства на нарачателот.
- Доколку нарачателот е веќе пристигнат да ја користи резервацијата, трговецот е должен да му обезбеди еднаква или подобра услуга од нарачаната. Притоа сите дополнителни трошоци ги сноси трговецот.
- Доколку од било која причина откажувањето на нарачката не е можно, трговецот е должен да обезбеди еднаков или поквалитетен производ од нарачаниот или во целост да го обештети купувачот.

## Член 12
## Потврда за испорака

По испораката на производот/услугата, доколку испораката ја организира сам или со свој добавувач, Трговецот е должен да обезбеди потврда за прием на испорачаните производи/услуги. Во зависност од природата на производот/услугата или начинот на испорака потврдата може, но не мора, да биде во форма на испратница потпишана од корисникот со датум, време и адреса на која се испорачани производите, потврда за прием на e-mail порака за испорака на производи/услуги, потврда за овозможување на услуга на одреден регистриран корисник и тн. Трговецот е должен статусот на испораката, односно потврдата за испорака да ја ажурира и во електронскиот систем на Трговски центар.

## Член 13
## Чување на податоците

Трговецот се обврзува потребните податоците за секоја трансакција (нарачка), наведени во овој договор, да ги чува во електронска или хартиена форма и на сигурен начин да ги архивира.

Трговецот се обврзува овие податоци и потврди да ги чува за секоја трансакција (нарачка) најмалку 3

години од денот на настанување на трансакцијата (освен ако со закон не е поинаку пропишано, и во тој случај во важност стапуваат законските решенија). Давателот на услугата има право, при евентуална спорна трансакција, да побара од Трговецот приложување на примероци од овие податоци, како и достава на целокупната документација, во оригинал. Доколку Трговецот не ја достави бараната документација во рок од 10 дена од официјалното барање на Давателот на услугата, за износот од спорната трансакција ќе биде товарена сметката на Трговецот.

## Член 14
## Надоместоци

Членарините (претплатата), провизијата за трансакции и надоместоци за други услуги обезбедени од страна на Давателот на Услугата и неговите партнери се определени во зависност од избраниот пакет на услуги од страна на Трговецот.
Трговецот уредно ќе ги плати членарините(претплатата), провизијата за трансакции и надоместоци за други услуги обезбедени од Давателот на услугата и неговите партнери. Височините на надоместоците за услугите кон Трговецот се објавени во Општите услови. Истите можат да подлежат на промени кои стапуваат во сила 8 дена од нивното објавување на страните на Трговски центар . Доколку не е поинаку назначено, сите надоместоци се определени во денари со вклучен ДДВ.

## Член 15
## Спорни трансакции

Давателот на услугата има право да:

- побарувањата по основ на овој Договор да ги наплати од сегашните или идни приливи на било која продавница - веб сајт на Трговецот која функционира во склопот на Трговски центар;
- при постоење на основан сомнеж за злоупотреба, покрене истрага пред надлежни служби како и да проследува информации во врска со спорните трансакции и Трговецот;
- привремено или трајно ја исклучи од употреба продавницата - вебсајт и во случај на утврдени недоследности во употребата од страна на Трговецот или сомнеж за злоупотреба.

- не ги подмири своите обврски кон Трговецот, кои произлегуваат од овој договор и од процесираните трансакции настанати кај Трговецот во следните случаи:
- кога Трговецот не поседува валидни податоци за трансакција за електронска продажба на производи/ услуги, наведени во овој договор;
- кога ќе се појави злоупотреба која не е наведена во овој договор, а која согласно законските прописи се смета за злоупотреба на картичката, злоупотреба на улогата на Трговец или било кој друг начин на злоупотреба и допир до средствата на корисникот;
- при постоење на основан сомнеж за злоупотреба не ги подмири своите обврски, кои произлегуваат од спорните трансакции, додека трае истрагата. Давателот на услугата ќе ги подмири спорните обврски кон Трговецот дури откако ќе се докаже регуларноста на трансакциите за кои е покрената истрага.

## Член 16
## Одговорност за спорни трансакции

Во случај кога  гаранција за заштита од спорни трансакции е применлива согласно со Член 4, овој член не се применува.
Трговецот е согласен да му ги врати исплатените средства на Давателот на услугата за извршени трансакции, во случај на :

- прием на спорна трансакција од страна на банка издавач на картичката или провајдер за процесирање трансакции, која настанала како резултат на непочитување на одредбите кои се предмет на овој договор;
- неможност на Давателот на услугата и Банката да изврши враќање на средства на купувач при прием на спорна трансакција;
- во случај на неусогласеност на доставениот производ/услуга со описот на

производот/услугата поставен на интернет страницата, како и во случај на повлекување на корисникот од трансакцијата пред или по доставата на производот/услугата, во случај на неиспорака, непочитување на роковите и политиката на достава, дефект, неможност за достава, правни пречки или пречки во достава на производите/услугите во странство;
- при непочитување на одредбите/немање на документацијата, од страна на Трговецот, а кој значи валидно спроведена трансакција од електронска продажба на производи/услуги.
- непочитување на законската регулатива и особено Законот за заштита на потрошувачите.

Во овие случаеви, Трговецот го овластува Давателот на услугата истите да ги наплати од прометот на неговите продавници во Трговски центар, без негова посебна согласност.
Доколку Давателот на услугата не е во можност да ги наплати средствата од прометот на Трговецот во Трговски центар, Трговецот ќе го исплати долгот според доставената фактура, во рок назначен на фактурата.
Трговецот се обврзува и безусловно и неотповикливо потврдува дека за било каква спорна трансакција по основ на неиспорака, непочитување на роковите и политиката на достава, дефект на производот/услугата, правни пречки или пречки во достава на производите/услугите, како и во случај на неусогласеност на производот/услугата со описот на производот/услугата поставен на интернет страницата, во случај на  повлекување на корисникот од трансакцијата пред или по доставата на производот/услугата, ќе ја преземе целокупната одговорност, ќе застане во заштита на Давателот на услугата во смисла што ќе го обештети корисникот.
Во ситуациите наброени во претходниот став, Трговецот се обврзува да го обезбеди повратот на производот/услугата.
Давателот на услугата ќе ги превземе сите расположливи мерки и акции, согласно правилата и процедурите на меѓународните платежни системи, со цел да го заштити Трговецот, во случај на добиена спорна трансакција. Доколу Давателот на услугата не е во можност да изврши поврат на средствата од спорната трансакција, Трговецот се обврзува и безусловно и неотповикливо потврдува дека ќе ја преземе целокупната одговорност, а воедно и ќе го обештети Давателот на услугата за сите трошоци, казни (глоби) кои ќе произлезат од таквиот спор.

## Член 17
## Услови за плаќање за услугите на Трговски центар

ТРГОВЕЦОТ го овластува Давателот на Услугата своите побарувања кон него да ги намири преку намалување на средствата кои треба да му ги префрли на ТРГОВЕЦОТ по основ на направениот промет. Доколку месечниот промет е во недоволен обем за да се покријат надоместоците кои ги должи,ТРГОВЕЦОТ Фактурите за дадените Услуги треба да ги плати во рокот за плаќање наведен на Фактурата.
Сите приговори поврзани со износот на Фактурата треба да бидат доставени во писмена форма до Давателот на Услугата во рок од 8 дена од примањето на фактурата. Во спротивно  фактурата ќе се смета за прифатена од ТРГОВЕЦОТ. ТРГОВЕЦОТ ќе ги сноси трошоците за сите провизии на институцијата преку која е извршено плаќање на Фактурата.

## Член 18
## Пренос на правото за наплата

ТРГОВЕЦОТ го овластува Давателот на Услугата во негово име и за негова сметка да ги прибира средствата од продажбата на производите и услугите.

## Член 19
## Исплата на промет

ТРГОВЕЦОТ прифаќа исплатите од направениот промет да му се префрлаат два пати месечно, во термини на средината и на крајот на месецот, на жиросметката назначена во административната страна на неговата компанија.   ТРГОВЕЦОТ прифаќа исплатите за прометот кој е оспорен од купувачот по основ

на рекламација, да се исплатат по решавањето на истата, доколку не биде решена со враќање на средствата до купувачот.
Секоја трансакција доспева за плаќање 7 дена од моментот кога е извршена испораката или услугата која е платена и е истечен рокот за рекламација на купувачот кон официјалниот систем за рекламации.
Доколку Трговецот е класифициран како ризичен од страна на Давателот на услугата заради сигурносни причини, Трговецот прифаќа трансакциите да доспеваат за исплата 45 дена од истекувањето на рокот за рекламација во електронскиот систем за рекламации.
Средствата од трансакцијата ќе му бидат исплатени на Трговецот во првиот следен термин за исплата.
Давателот на услугата го задржува правото да ја оддолжи исплатата најмногу до 60 дена од моментот на испорака на поедини нарачки кои се спорни по било кој основ од страна на купувачот или банката.

## Член 20
## Чување на податоци

Давателот на Услугите ќе ги прибира, обработува и чува податоците на Трговците согласно позитивните законски прописи на Република Македонија и ќе ги користи само за цели дозволени со закон.
Давателот на Услугите го задржува правото да ги информира Трговците за сите нови производи и услуги како и за тековни промотивни понуди согласно позитивните прописи на Република Македонија.
Давателот на услугата има право во рамките на Трговски центар слободно да располага со сите содржини и информации кои ТРГОВЕЦОТ ги внесол системот на Трговски центар.

## Член 21
## Доверливост на Трговецот

ТРГОВЕЦОТ е согласен дека за целото времетраење на овој договор ќе му бидат соопштувани информации кои претставуваат деловна тајна на Давателот на Услугата.
Под деловна тајна се подразбираат сите податоци кои не се јавно објавени или кои не се правно заштитени како документацијата, информации од техничка, деловна или од друга природа, маркетинг плановите, клиентите, податоци за трансакциите и купувачите, условите под кои е склучен овој Договорот и сите други информации поврзани со работењето на Трговски Центар.
Трговецот се обврзува дека ќе ги чува како деловна тајна сите податоци и информации до кои што има пристап при трансакции извршени со картичка и во врска со работењето со картичката. Најстрого се забранува давање на било какви информации поврзани со имателот на картичката или трансакцијата кон трети лица. Непочитувањето на содржината од оваа одредба повлекува целосна материјална и кривична одговорност на вработените кај Трговецот определена во согласност со позитивните законски акти.

Должноста за заштита на личните податоци и деловната тајна настапува во моментот кога договорните страни ќе се запознаат со нив и трае целото време на важењето на овој договор, како и по неговото престанување.

Во случај на утврдување на сигурносен инцидент по вина на Трговецот, истиот ја сноси одговорноста за сите настанати штети.

## Член 22
## Ограничување на одговорност

Давателот на услугата, неговите добавувачи, промотивни и маркетинг партнери, или нивните канцеларии, вработени, добавувачи и агенти се ослободени од одговорност за изгубен промет илиу профит, или било која друга случајна или индиректна штета која може да се поврзе со користењето на софтверот и услугите од овој договор.

## Член 23
## Прекршување на договорот

Без да се исклучат на други мерки, Давателот на услугата може да го ограничи користењето на услугите, да издаде опомена, привремено да го исклучи, трајно да го исклучи и да го раскине договорот, доколку Трговецот а)не ги исплаќа надоместоците кои ги должи според договорот, б)прекршува било кој член од договорот и Општите услови за трговци и в)Информациите кои Трговецот ги доставува до Давателот на

услугата се невистинити и г)Давателот на услугата смета дека активностите на Трговецот можат да нанесат финансиска загуба на самиот Трговец, Давателот на услугата или на купувачите.

## Член 24
## Важење и престанок на договорот

Овој договор се склучува за неопределено време и ќе важи се додека не биде раскинат од страна на една од договорните страни во согласност со начините опишани во овој член.
Давателот на Услугата може да го раскине овој договор:

1. Без отказен рок доколку ТРГОВЕЦОТ ги прекрши одредбите на Овој договор и Општите услови за Трговци и ја користи или злоупотребува Веб Страната и Услугите од страна на ТРГОВЕЦОТ за цели кои се во спротивност со позитивните законски прописи .
2. Од која и да е било причина со доставување на писмено известување до ТРГОВЕЦОТ со отказен рок од 60 дена.

ТРГОВЕЦОТ може да го откаже договорот од која и да е било причина со доставување на писмено известување до Давателот на Услугата со отказен рок од 30 дена.
Овој Договор престанува со Престанок на ТРГОВЕЦОТ или Давателот на Услугите во согласност со позитивните законски прописи. Договорот ќе се смета за раскинат од датумот на започнување на постапка на стечај или ликвидација.
Во текот на траење на отказниот рок договорните страни се обврзани да ги измират своите обврски по договорот.
Престанокот на важењето на договорот и измирувањето на обврските не исклучува можни обврски кои би настанале по датумот на раскинување на договорот.

## Член 25
## Разрешување на спорови

Сите спорови и недоразбирања кои ќе произлезат од овој Договор, Страните ќе се обидат да ги решат на спогодбено. Во спротивно, споровите ќе бидат решавани пред Основниот суд Скопје 2 од Скопје.

## Член 26
## Супсидијарна примена на прописите

Доколку со овој договор поинаку не е определено, на правните односи кои произлегуваат или се поврзани со овој договор се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

## Член 27
## Виша сила

Освен обврската за плаќање на надоместокот за користење на Софтверот и Услугите, ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските и одговорностите кои произлегуваат од овој Договор доколку неисполнувањето се јавило како последица од штрајк, пожар, земјотрес, поплава, војна, прекин во дотурот на електрична енергија или прекин во телекомуникациските услуги, или некој друг настан кој е вон контрола на некоја од страните.

## Член 28
## Писмена Комуникација

Писмената комуникација помеѓу договорните страни ќе се одвива на адресите наведени на првата страна од овој договор.

## Член 29
## Измени и Дополнувања

Сите измени и дополнувања на овој договор ќе бидат единствено валидни доколку се направени во писмена форма и потпишани од овластени претставници од секоја договорна страна.

## Член 30
## Примероци

Договорот е составен во (2) два исти примероци, од кои по еден примерок за секоја договорна страна.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ :

ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА

Место:.......................... Датум:.....................................

Име и Презиме ________________________________

Позиција _________________________________

Потпис/ печат ________________________________

ТРГОВЕЦ

Место:.......................... Датум:.....................................

Име и Презиме ________________________________

Позиција _________________________________

Потпис/ печат ________________________________